Арх. знак 01/И 0908
Рок на чување 10
27.02.2008 год.
Потпис

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

| Примено: | 23.07.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 09 | 764/1 | - | - |

( Образец ПП……)

**До: Општина Демир Хисар***(имател на информацијата)*

## БАРАЊЕЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

**Од:**[redacted]а,
мобилен телефон [redacted] и е-адреса:[redacted]
*(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)*

Врз основа на **член 4** и **член 12** од **Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник, бр. 101/2019)**, од Имателот ги барам следните информации од јавен карактер:

1. Врз основа на кој актВашата локална самоуправа ги регулира начините за работа на официјалните социјални профили и веб-адреса, поконкретно делот за блокирање, исклучување и забрана за коментирање на граѓаните (**доколку постои актот да се достави електронски запис од истиот**)?
2. Дали Вашата локална самоуправа има опција преку официјалнатавеб-адреса граѓаните и здруженијата на граѓани да можат да: поднесуваат иницијативи зараспишување на локални референдуми; покренуваат граѓански иницијативи; поднесуваат барања за свикување на собири на граѓании да поднесуваат претставки и предлози до органите на Вашата локална самоуправа (**доколку постојат вакви опции да се достави поединечен линк за секоја од нив**)?

*(опис на информацијата која се бара)*

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ____________________

*(се наведува бараниот начин, со заокружување)*

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ____________________

*(се наведува бараниот начин, со заокружување)*

**Правна поука:** Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Скопје, 19.07.2021 година** [redacted] **LL.B. LL.M.**
*(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)*

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општина Демир Хисар

---

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
Municipality of Demir Hisar

Бр. 09-764/3
27.07.2021
Демир Хисар
Општина Демир Хисар
"Битолска" бб
7240 Демир Хисар
Demir Hisar Municipality
"Bitolska" bb
7240 Demir Hisar
Тел/tel: 047 552 661
opstinademirhisar@yahoo.com
www.demirhisar.gov.mk

Арх. знак 9/10 09.08
Рок на чување 15
22.12. 2021 год.
Потпис.

До
[redacted]

**Предмет:** Доставување на информација од јавен карактер,

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер доставено до Општина Демир Хисар на 19.07.2021 година, заведено во архива на Општина Демир Хисар на 26.07.2021 година под број 09-764/1, службеното лице за посредување со информации од јавен карактер на Општина Демир Хисар донесе Решение за позитивен одговор на Вашето барање бр.09-764/2 од 27.07.2021 година и врз основа на тоа, во прилог Ви ги доставуваме бараните информации:

**Прашање:** Врз основа на кој акт Вашата локална самоуправа ги регулира начините за работа на официјалните социјални профили и веб-адреса, поконкретно делот за блокирање, исклучување и забрана за коментирање на граѓаните (**доколку постои актот да се достави електронски запис од истиот**)?

**Одговор:** Општина Демир Хисар нема воведено алатки на социјалните мрежи и на веб – страницата на Општина Демир Хисар, во делот каде што се регулира начинот за блокирање, исклучување и забрана на граѓани.

**Прашање:** Дали Вашата локална самоуправа има опција преку официјалнатавеб-адреса граѓаните и здруженијата на граѓани да можат да: поднесуваат иницијативи зараспишување на локални референдуми; покренуваат граѓански иницијативи; поднесуваат барања за свикување на собири на граѓании да поднесуваат претставки и предлози до органите на Вашата локална самоуправа (**доколку постојат вакви опции да се достави поединечен линк за секоја од нив**)?

**Одговор:** Службена веб – страница има инсталирано посебна софтверска опција, со која секој граѓанин може да пријави проблем кој го засега на локално ниво, а со истиот се

соочувал. Исто така, на социјалните општински мрежи ги повикавме сите граѓани да се вклучат во процесот за донесување на Буџетот за 2021 година, како и, во инкорпорацијата кој е во рамките на буџетските програми, преку **Јавен повик** јавно и транспаретно, со поднесување на предлози, препораки, сугестии и други форми на партиципација испратени на службените електронски пошти, сѐ со цел да бидат активно вклучени во донесување на одлуки на Локалната самоуправа и да се алоцираат средства во согласност со нивните потреби.
Линк: http://www.pp.e-uslugi.mk/dh/

**Изработил,**
м-р Игор Дамјаноски, службено лице за посредување со информации од јавен карактер на Општина Демир Хисар

Даниел Станојоски, ПР лице на Општина Демир Хисар и уредник и администратор лице на интернет страницата и социјалните мрежи на Општина Демир Хисар

Општина Демир Хисар
Градоначалник
Марјанче Стојановски